јуни
2015

# ИПИС

Институт за Политички Истражувања - Скопје

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ИНФОРМИРАНОСТА И ЗАПОЗНАЕНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ВО МАКЕДОНИЈА

МАПАС

ИПИС
Институт за Политички Истражувања - Скопје

## СОДРЖИНА


**АПСТАРКТ ____ 3**

**ВОВЕД____ 4**

**1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ____ 6**

**1.1. Прва фаза: Подготвителна фаза на истражувањето____6**

**1.2. Втора фаза: Дефинирање и утврдување на примерокот на истражувањето ____8**

**1.3. Трета фаза: Имплементација на истражувањето ____9**

**1.4. Четврта фаза: Обработка на податоците добиени во истражувањето ____10**

**1.5. Петта фаза: Анализа, толкување на резултатите од истражувањето и пишување завршен извештај за телефонското истражување____10**

**2. АНАЛИЗА И ИНДИКАТИВНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО____ 11**

**2.1. Демографските карактеристики на примерокот во истражувањето ____11**

**2.2. Информираност и запознаеноста на членовите на задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб во РМ ____13**

2.2.1. *Анализа* на резултатите за информираноста, запознаеноста и мислењето на членовите во задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб ____ 13

2.2.2. *Индикативни наоди* за информираноста, запознаеноста и мислењето на членовите во задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб ____ 14

**2.3. Информираност, запознаеност, мислење и став на членовите во задолжителните пензиски фондови за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови____15**

2.3.1. *Анализа* на резултатите за информираноста, запознаеноста,и мислењето ставот на леновите во задолжителните пензиски фондови за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови ____ 15

2.3.2. *Индикативни наоди* за информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на леновите во задолжителните пензиски фондови за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови ____ 19

**2.4. Информираност, запознаеност, мислење и став на членовите во вториот пензиски столб за улогата и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС____21**

2.4.1. *Анализа* на резултатите за информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на членовите во вториот пензиски столб за улогата и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС 21

2.4.2. *Индикативни наоди* за информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на членовите во вториот пензиски столб за улогата и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС 22

**ПРИЛОЗИ 23**

# АПСТАРКТ

Институтот за политички истражувања – Скопје (ИПИС) во соработка со Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување - МАПАС спроведе квантитативно истражување за степенот на информираност и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија со пензискиот систем во РМ (поточно со вториот пензиски столб, со улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови, со улогата и работењето на Агенцијата за капитално финансираното пензиско осигурување – МАПАС) и за степенот на информираност и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија со нивните права и придобивки од членството во вториот пензиски столб во РМ.

Целта на истражувањето, кое се спроведуваше од 30 април до 30 јуни 2015 година, е дел од долгорочните цели да се подигне јавната свест и да се подобри информираноста кај членовите (осигурениците) за пензискиот систем, но и за нивните права и придобивки како членови на вториот пензиски столб во РМ. Исто така, целта беше да се обезбедат соодветни информации за информираноста и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб, со улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови, со улогата и работењето на Агенцијата за капитално финансираното пензиско осигурување – МАПАС, кои ќе помогнат во преземање дополнителни активности во насока на подобрување на работењето на пензискиот систем во целина, пред сè во интересите на своите членови (осигуреници).

Со имплементација на истражувањето беа постигнати зацртаните цели и се потврди релевантноста на добиените резултати.

## ВОВЕД

Пред Вас е извештај кој претставува анализа на податоците добиени од квантитативното телефонско истражување за информираноста, разбирањето, но и за мислењето и ставот на членовите (осигурениците) во вториот пензиски столб на РМ за работењето и функционирањето на институциите во рамки на пензискиот систем во Република Македонија. Истражувањето е дел од развојните цели за зајакнување на ефективноста и ефикасноста на пензискиот систем во Република Македонија, преку:

- Подигање на јавната свест за подобра информираност и на членовите и на општата популација за пензискиот систем во Република Македонија и
- Преземање дополнителни активности од страна на институциите во рамки на пензискиот систем на РМ во насока на подобрување на своето работење и излегување во пресрет на интересите на своите осигуреници (членови).

Извештајот се состои од две поглавја: 1) Методологија на спроведување на Квантитативното истражување за информираноста и запознаеноста на членовите (осигурениците) на вториот пензиски столб за работењето и функционирањето на пензискиот систем во Република Македонија и 2) Приказ на анализираните резултати и индикативните наоди од истражувањето за информираноста и запознаеноста на членовите (осигурениците) на вториот пензиски столб за работењето и функционирањето на пензискиот систем во Република Македонија. Во првото поглавје детално се прикажани фазите и спроведените активности од овој дел од истражувањето. Второто поглавје се состои од подпоглавја во кои се опфатени анализата и значајните наоди од истражувањето за:

- Демографските карактеристики на членовите (осигурениците) кои учествуваа во истражувањето;
- Степенот на информираност и запознаеност на членовите (осигурениците) на задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб во РМ;
- Информираност, запознаеност, мислење и став на членовите (осигурениците) на задолжителните пензиски фондови за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови;

- Информираност, запознаеност, мислење и став на членовите (осигурениците) на задолжителните пензиски фондови за улогата и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување – МАПАС.

Второто и последно поглавје претставува заокружување на анализата на ова квантитативно истражување и во себе содржи индикативни наоди во контекст на поединечните цели на истражувањето.

Целта на квантитативното телефонско истражување беше да се добие увид за информираноста и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за пензискиот систем и улогата и работењето на институциите во негови рамки, од една страна; од друга страна целта беше да се обезбедат соодветни и подетални информации за институциите во рамки на пензискиот систем на РМ за преземање дополнителни активности во насока на подобрување на своето работење и излегување во пресрет на интересите на своите осигуреници. Квантитативното телефонското истражување за информираноста, разбирањето, но и за мислењето и ставот на членовите (осигурениците) во вториот пензиски столб на РМ за работењето и функционирањето на институциите во рамки на пензискиот систем во Република Македонија, даде резултати кои претставуваат солидна насока за понатамошното планирање и спроведување на активности согласно наведените главни цели.

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Пристапот во телефонското истражување за информираноста, запознаеноста, но и за мислењето и ставот на членовите (осигурениците) во вториот пензиски столб на РМ за работењето и функционирањето на институциите во рамки на пензискиот систем во Република Македонија, беше *квантитативен* и истиот подразбираше процес на планирање, спроведување и анализа на 1100 поединечни телефонски интервјуа[1] на граѓани на РМ, членови во задолжителните пензиски фондови. Целото истражување се одвиваше низ *пет фази*:

1) Подготвителна фаза на истражувањето
2) Дефинирање и утврдување на примерокот на истражувањето
3) Имплементација на телефонското истражување
4) Обработка на податоците добиени во истражувањето
5) Анализа и толкување на резултатите од истражувањето и нивно прикажување во завршен извештај.

Секоја од фазите во себе содржеше соодветни активности, во чии рамки беа употребени соодветни методи и техники; истите се проследени во продолжение:

## 1.1. Прва фаза: *Подготвителна фаза на истражувањето*

Подготвителната фаза на истражувањето во себе содржеше активности кои обезбедија солидна основа за соодветно спроведување на истражувањето и добивање на податоци неопходни за анализа. Истите се проследени во продолжение на текстот:

| *Табела бр.1*<br>**Подготвителна фаза на истражувањето** |
|---|
| *1.1.1.* ***Запознавање и проценка на тековните состојби*** и функционирање на системот за пензиско и инвалидско осигурување во Република Македонија, со посебен фокус на вториот столб на капитално финансираното пензиско осигурување во РМ |
| Преку примена на Desk research, анализа и анализа на содржина се направи:<br>• Соодветно идентификување и селектирање на документи за анализа;<br>• Анализа на мерки, закони, програми и стратегии кои се однесуваат на системот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, со посебен фокус на |

[1] Минималниот број на испитаници кој требаше да го сочинува репрезентативниот примерок беше одреден на 1100.

состојбите и функционирањето на вториот столб на капитално финансираното пензиско осигурување во РМ;

- Иницијално прибирање и систематизирање на податоци и информации;
- Иницијално дефинирање и утврдување на предметот, хипотезите и целите на истражувањето.

### 1.1.2. *Утврдување на содржината на истражувањето*

Во рамки на утврдувањето на содржината на истражувањето, преку примена на анализа, испитувачки и контролни раговори и проверка и продлабочување на знаењето и хипотезите, се напрви:

- Подготовка на основата (добивање максимум информации) за да се формулираат добри и соодветни прашања за спроведување на истражувањето;
- Утврдување на веродостојноста на податоците добиени со анализата на содржина;
- Конечно дефинирање и утврдување на предметот, хипотезите и целите на истражувањето;
- Подготовка и точно дефинирање на систем на категории и подкатегории кои беа опфатени во истражувањето;
- Генерален план за спроведување на анкетата, почетно составување и дефинирање на примерокот на испитаници кои требаше да бидат опфатени во истражувањето, вклучително и временската рамка на спроведување на секоја од активностите.

### 1.1.3. *Подготовка на нацрт – верзија на прашалник како инструмент на истражувањето*

Како следен чекор во подготвителната фаза од истражувањето се изготви соодветен нацрт –прашалник, како во однос на структура, така и во однос на формулација на прашањата. Беше направена нацрт-веризија на прашалник, кој беше полуструктуриран во однос на контекстот; во него имаше серија од прашања, слични во својата генерална форма, но истите варираа во одделни делови. Целта беше да се одреди најсоодветната форма на прашања за финалната форма на прашалникот.

Во основа оваа активност подразбираше подготовка за формулирање добри и соодветни прашања т.е. дизајнирање на соодветен прашалник, согласно утврдените цели на истражувањето:

- Одредување на тематски целини на прашалникот;
- Усогласување на тематските целини во рамки на прашалникот;
- Формулирање на прашањата (затворени и отворени прашања);
- Формулирање на прашањата (во однос на јасност, прецизност, точност, неутралност на прашањата, интерпретацијата на прашањата и времетраењето).

### 1.1.4. *Тестирање (проверка) на прашалникот*

Тестирањето на прашалникот се направи во однос на: јасност, прецизност, точност,

неутралност на формулација на прашањата, интерпретацијата на прашањата и времетраењето. Оваа активност се спроведе со фокус група и со десет пробни анкети направени по случаен избор.

#### *1.1.5. Утврдување на финалната верзија на прашалникот за истражувањето*

Со добиените наоди од тестирањето на прашалникот се направија финалните корекции и прилагодувања на прашалникот за телефонска анкета. Со тоа се финализира конечната верзија на прашалникот.

За потребите на ова истражување беше изготвен прашалник како инструмент со кој се спроведе телефонското истражување. Истражувањето беше спроведено врз база на прашалник во кој беа опфатени прашања поделени во *три тематски целини*:

1) Откривање на информираноста, запознаеноста и мислењето на општата популација со вториот пензиски столб во РМ;
2) Откривање на информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на општата популација за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови;
3) Откривање на информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на општата популација за улогата и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС.

### 1.2. **Втора фаза:** *Дефинирање и утврдување на примерокот на истражувањето*

За целите на истражувањето беше формиран примерок, за што се користеше *изборна рамка*, која одредуваше кои конкретни случаи од достапната популација ќе бидат опфатени во примерокот на истражување. Репрезентативниот примерок беше утврден и стратификуван според следните *демографски карактеристики*: 1) возраст од 18 до 62 години (за жени) и 64 години (за мажи), 2) членство во еден од двата пензиски фонда (НЛБз и КБПЗ) и 3) регионот во кој живеат испитаниците. Во телефонското истражување, како што беше напоменато на почетокот, беа опфатени вкупно 1100 граѓани на РМ, членови во задолжителните пензиски фондови, кои учествуваа во истражувањето[2]. Примерокот на истражувањето беше формиран по намерен и случаен избор т.е. претставуваше *комбиниран примерок*.

[2] Учеството на секој испитаник поединечно во истражувањето беше доброволно и со лична согласност

| *Табела бр.2*<br>**Формирање на примерок на истражување** |
|---|
| *1.2.1.* ***Намерен избор на испитаници во примерокот*** |
| Во соработка со МАПАС се доби база на податоци од 5 000 членови, по случаен избор и кои претставуваа „избрана“ достапна популација за истражувањето. Од тие 5 000 испитаници понатаму секој од испитаниците по случен избор учествуваше во истражувањето. |
| *1.2.2.* ***Случаен избор на испитаници во примерокот*** |
| Во продолжение на истражувањето, примерокот беше формиран по случаен избор – беа анкетирани испитаници од случајно избраните 5 000 испитаници кои во истражувањето претставуваа достапна популација. При тоа се користеа правилата на рендомизација:<br>• Во секој чекор од случајниот избор, сите испитаници од достапната популација да имаат подеднаква шанса да бидат избрани во примерокот и<br>• Изборот на секој поединечен случај во примерокот (т.е. на секој испитаник) да се спроведува независно од другите случаи. |

## *1.3.* **Трета фаза:** ***Имплементација на истражувањето***

Во третата фаза од истражувањето беа опфатени следните активности:

| *Табела бр.3*<br>**Имплементација на телефонското истражување** |
|---|
| *1.3.1.* ***Избор на анкетари*** |
| За соодветно спроведување на истражувањето беше направена селекција на тим од анкетари со повеќегодишно искуство во спроведување на анкети. |
| *1.3.2.* ***Инструктажа на анкетарите за спроведување на теренското истражување*** |
| Во оваа фаза истражувачкиот тим направи инструктажа на тимот на анкетари, која претставуваше упатување на анкетарите како да се формулираат прашањата, каков да биде начинот на поставување на секое од прашањата во однос на: јасност, прецизност, точност, неутралност при поставување на прашањата, интерпретацијата на прашањата и времетраењето, сѐ со цел да се добијаат соодветни и релевантни податоци за истражувањето. |
| *1.3.3.* ***Имплементација на истражувањето*** |
| Спроведувањето на истражувањето се состоеше од собирање на податоци од избраната општа популација, преку структуриран прашалник, со примена на телефонска анкета со секој поединечен испитаник од бројот на испитаници утврден во примерокот. |

## 1.4. Четврта фаза: *Обработка на податоците добиени во истражувањето*

Четврта фаза од истражувањето се состоеше од обработка на податоците добиени од спроведените телефонски анкети. Во себе ги содржеше следните активности:

- План и поставување основа за обработка на податоците (избор на соодветни статистички и компјутерски програми, како нпр. SPSS, Excel; изработка на база во која ќе бидат внесувани податоците добиени од истражувањето, соодветно на категориите и подкатегориите направени во подготвителната фаза и соодветно на структурата на прашалникот;
- Внесување на податоците;
- Вкрстување, табелирање и графичко прикажување на податоците т.е. резултатите добиени од истражувањето.

## 1.5. Петта фаза: *Анализа, толкување на резултатите од истражувањето и пишување завршен извештај за телефонското истражување*

Завршна фаза од истражувањето се состоеше од следните спроведени активности:

| *Табела бр.4*<br>**Имплементација на телефонското истражување** |
|---|
| ***1.5.1. Анализа на податоците од спроведеното истражување*** |
| Во рамки на оваа активност се направи:<br>• Анализа на добиените резултати во претходната активност;<br>• Толкување, компарирање и воопштување на податоците. |
| ***1.5.2. Завршна анализа и пишување завршен извештај за истражувањето*** |
| Завршната фаза се состоеше од наративно презентирање на резултатите, индикативните наоди и заклучоците од истражувањето во облик на извештај. |

Во текот на сите фази од истражувањето се запазија предвидениот квантитативен пристап и методологија.

# 2. АНАЛИЗА И ИНДИКАТИВНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1. Демографските карактеристики на примерокот во истражувањето

Истражувањето за информираноста и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Р Македонија беше спроведено на репрезентативен примерок од 1100 испитаници. Примерокот беше стратификуван според три демографски карактеристики: 1) возраст од 18 до 62 години (за жени) и 64 години (за мажи), 2) членство во еден од двата пензиски фонда (НЛБз и КБПЗ) и 3) регионот во кој живеат испитаниците.

Во однос на возраста примерокот беше стратификуван во 8 возрасни групи. Резултатите од истражувањето покажуваат речиси рамномерна дистрибуција на испитаници во следните најзастапени две групи население: на возраст од 26 до 30 години (288 или 26,2% од вкупниот број на испитаници) и на возраст од 31 до 35 години (258 или 23,5% од вкупниот број на испитаници). Потоа следат две возрасни групи кои претставуваат речиси по една петина од примерокот: испитаници на возраст од 36 до 40 години (201 или 18,3%) и од 41 до 50 годишна возраст (197 или 17,9%). Во примерокот беа опфатени 14 т.е. 1,3% од вкупниот број испитаници на возраст од 51 до 55 години. Испитаници од возрасната група до 20 години, како и од возрасната група од 56 до 60 години беа застапени со незначителни 0,4% од вкупниот број испитаници.

***Графикон бр. 1***

**Приказ на дистрибуцијата на испитаниците според *возраст***



Согласно преферариниот пристап и методологија т.е. запазување на демографските карактеристики, во рамки на истражувањето се запази рамномерна дистрибуција на испитаници – членови во двата задолжителни пензиски фонда во РМ. Па така, во примерокот на истражувањето беше опфатен ист број на членови (по 550 или 50%) од НЛБз пензискиот фонд и од КБПз пензискиот фонд.




***Графикон бр. 2***
**Приказ на дистрибуција на испитаниците според членство во двата *задолжителни пензиски фонда***

Од вкупниот број на испитаници, очекувано доминантно учество во примерокот имаа испитаници кои живеат во Скопскиот регион (40,1%). Потоа, по бројност следат испитаници кои живеат во Пелагонискиот регион (12,3%), Источниот регион (11,1%) и Вардарскиот регион (8,3%). Речиси ист е бројот на испитаници кои живеат во Југозападниот (7,6%) и Полошкиот регион (7,5%), како и на испитаници кои живеат во Југоисточниот (6,6%) и Североисточниот регион (6,5%).




***Графикон бр. 3***
**Приказ на дистрибуција на испитаниците според *регионот* во кој живеат**

## 2.2. Информираност и запознаеноста на членовите на задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб во РМ

### 2.2.1. *Анализа* на резултатите за информираноста, запознаеноста и мислењето на членовите во задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб

Прашањата од првата теметска целина на истражувањето требаше да дадат увид во тоа колкав е степенот на информираност и запознаност на членовите на двата задолжителни пензиски фонда со функционирањето на вториот пензиски столб во РМ; воедно требаше да се добие увид на кој начин членовите се информираат за вториот пензиски фонд.

Прашањето „*Дали сте член на некој од задолжителните пензиски фондови?*“ беше прво и воведно прашање во истражувањето. Истото требаше да даде резултати во колкав степен членовите се запознаени со тоа кое нивното лично членство т.е. со тоа во кој од двата задолжителни пензиски фондови се членови. Според резултатите, речиси сите испитаници (96,3%) одговориле дека се членови на некој од задолжителните пензиски фондови. Само 3,7% од испитаниците одговориле со не/не знам.

Во продолжение сите испитаници (независно од одговорот кој го дале на претходното прашање) беа прашани во кој од двата пензиски фонда се членови, при што се јави повисок процент на испитаници (6,2%) кои не знаеја во кој од двата задолжителни пензиски фонда се членови. Преостанатиот значително висок процент на испитаници (93,8%) знаеја да одговорат во кој пензиски фонд се членови; според резултатите, 48,9% од испитаниците одговориле дека се членови во Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје, а 44,9% од испитаниците одговориле дека се членови во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје.

Од поединечно дадените одговори на прашањето за степенот на личната информираност и запознаеност на членовите со вториот пензиски столб во РМ, резултатите покажуваат дека најголем процент или 27% од испитаниците сметаат дека *делумно* се информирани и запознати; речиси приближно толкав процент или 25,8% од испитаниците сметаат дека и се и не се информирани и запознати со вториот пензиски столб во РМ т.е. се *неутрални* во однос на нивната информираност и запознаеност со вториот пензиски столб во РМ. Една петтина или 20,9% од испитаниците *воопшто не се информирани и запознати* со вториот

пензиски столб во РМ; *добра информираност и запознаеност* со истиот постои кај 18,1% од испитаниците, а кај 6,3% постои *одлична информираност и запознаеност* со вториот пензиски систем. Процентот на оние испитаници кои не дале свој одговор е незначителен и изнесува 1,9%.

Како заокружување на оваа тематска целина, следеше прашање за начините на кои испитаниците лично се информираат за вториот пензиски столб во РМ. На испитаниците им беа понудени следните пет опции за одговор: 1) Преку интернет, 2) Телефонски се јавувам во МАПАС и пензиските друштва, 3) Преку агент на пензиско друштво, 4) Преку филијала на Тутунска банка и Комерцијална банка, 5) На друг начин (последната опција беше оставена отворена за испитаниците самите да наведат на кој друг начин, за разлика од понудените, се информираат за вториот пензиски столб). Секој од испитаниците требаше да избере само еден од понудените одговори. Речиси по една четвртина од испитаниците се изјасниле дека за вториот пензиски столб во РМ се информираат преку интернет (26,5%) и преку филијалата на Тутунска банка и Комерцијална банка (24,9%). Приближно ист процент на испитаници за вториот пензиски столб во РМ се информираат преку агент на пензиското друштво (18,8% од испитаниците) и преку пошта (17,7% од испитаниците). Со одговор на ова прашање не се произнеле 9,8% од испитаниците, а неполн процент (или 0,8%) од испитаниците за вториот пензиски столб во РМ се информираат преку телефонски јавувања во МАПАС и пензиските друштва.

### 2.2.2. *Индикативни наоди* за информираноста, запознаеноста и мислењето на членовите во задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб

Една од целите на истражувањето беше откривање на степенот на информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб во РМ; во тој контекст произлегоа следните индикативни наоди:

- ✓ Кај речиси целото членство на двата задолжителни пензиски фондови (93,8%) постои лична информираност и запознаеност за тоа во кој од двата задолжителни пензиски фонда се членови;
- ✓ Низок процент или 5,1% од членовите на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје т.е. 1,1% од членовите на Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски

фонд Скопје не се информирани и запознати во кој од двата задолжителни пензиски фонда се членови.

- ✓ Само 3,7% од членовите на двата задолжителни пензиски фонда воопшто не се информирани дали се членови на некој од задолжителните пензиски фондови во РМ.
- ✓ Кај членовите на двата пензиски фонда во РМ, не постои јасно дефиниран степен на информираност и запознаеност со вториот пензиски столб во РМ:
  - Повеќе од една четвртина (27%) од членовите на двата задолжителни пензиски фонда *делумно* се информирани за вториот пензиски столб во РМ.
  - Една петтина (20,9%) од членовите на двата задолжителни пензиски фонда *воопшто не се информирани и запознати* со вториот пензиски столб во РМ.
- ✓ Најчето користени извори за информирање за вториот пензиски столб во РМ од страна на членството на двата задолжителни пензиски фонда, се интернетот (26,5%) и филијалите на Тутунска банка и Комерцијална банка (24,9%).
- ✓ Приближно една петтина од членовите на двата задолжителни пензиски фонда, за вториот пензиски столб во РМ се информираат преку агенти на пензиското друштво (18,8%) и преку пошта (17,7%).
- ✓ Членовите на двата задолжителни пензиски фонда во РМ воопшто немаат практика да ги користат МАПАС и пензиските друштва како директни извори за информирање за вториот пензиски столб во РМ.

## 2.3. Информираност, запознаеност, мислење и став на членовите во задолжителните пензиски фондови за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови

### 2.3.1. *Анализа* на резултатите за информираноста, запознаеноста,и мислењето ставот на членовите во задолжителните пензиски фондови за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови

Во втората теметска целина на истражувањето беа опфатени прашања кои требаше да дадат увид во степенот на информираност и запознаеност на членовите, но и за нивното мислење и став за улогата работењето на пензиските друштва и пензиските фондови.

Според резултатите добиени на прашањето колкава е личната информираност и запознаеност на членовите со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови најголем процент или 29,2% од испитаниците сметаат дека и се и не се информирани и запознати со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови т.е. се *неутрални* во однос на степенот на информираност и запознаеност. Речиси една четвртина или 23,9% од испитаниците сметаат дека се *делумно* информирани и запознати со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови. Приближно ист е процентот на испитаници кои *воопшто не* се информирани и запознати со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови (16,4%) и кои *добро* се информирани и запознати (15,1%). Со свој одговор не се произнеле 12,4% од испитаниците. Низок процент од 3,1% одговориле дека *одлично* се информирани и запознати со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови.

Солиден процент (33,9%) или една третина од испитаниците ја оцениле работата на пензиските друштва и пензиксите фондови во РМ како *добра*. Висок процент од 26% испитаници не дале одговор на ова прашање т.е. не се произнеле со свој личен став за работата на пензиските друштва и пензиските фондови. Ист процент на испитаници (9,6%) работата на пензиските друштва и пензиските фондови ја оцениле како *одлична* и како *задоволителна*. Многу низок процент на испитаници (2,1%) ја оцениле работата на пензиските друштва и пензиските фондови како *незадоволителна*.

Мнозинството испитаници или 74,4% од членовите на двата задолжителни пензиски фонда договорот за членство го склучиле лично со агент на пензиското друштво во кое членуваат. Значително е да се напомене дека постои речиси рамномерна дистрибуција на испитаници кои своето членство го склучиле со агент, а се членови на Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје и членови на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје. Имено, 404 испитаници или 73,5% од членовите на Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје договорот за нивното членство во овој задолшителен пензиски фонд го склучиле лично со агент на пензиското друштво; приближно ист број т.е. 414 испитаници или 75,3% од членовите на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, исто така договорот за нивното членство во овој задолжителен пензиски фонд го склучиле лично со агент на пензиското друштво. Од вкупниот број испитаници, 16,1% договорот за членство во задолжителен пензиски фонд

не го склучиле лично со агент на пензиското друштво. Преостанатите 9,5% од испитаниците не се произнеле со одговор на ова прашање.

Во продолжение на анкетата сите испитаници (независно од тоа дали договорот за членство во задолжителен пензиски фонд го склучиле лично со агент на пензиско друштво) беа прашани дали агентот им ги објаснил правата и обврските кои произлегуваат со потпишувањето на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд. Резултатите добиени од одговорите на ова прашање покажуваат дека според 41,4% од испитаниците агентите на пензиските друштва *делумно ги објасниле* правата и обврските на членовите, кои произлегуваат со потпишувањето на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд. Според приближно толкав процент или 40,8% од испитаниците агентите на пензиските друштва *одлично ги објасниле* правата и обврските на членовите, кои произлегуваат со потпишувањето на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд. Додека 17,8% од испитаниците сметаат дека агентите на пензиските друштва *не ги објасниле* правата и обврските на членовите, кои произлегуваат со потпишувањето на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд.

Постои поделеност на вкупниот број испитанци - членови на двата пензиски фонда во однос на степенот на нивната информираност и запознаеност со правата и обрските кои произлегуваат од членувањето во истите. Резултатите покажуваат дека најголем процент или 28,5% од испитаниците сметаат дека и се и не се информирани и запознати со нивните права и обрски кои произлегуваат од членувањето т.е. се *неутрални* во однос на нивната информираност и запознаеност со правата и обврските од членството во вториот пензиски столб во РМ, а *делумно* т.е. *целосно* се информирани и запознати 19,5% т.е. 18,3% од испитаниците соодветно. Речиси приближно исто толкав процент или 17,4% од испитаниците сметаат дека *делумно не се* информирани и запознати со прават и обврските кои произлегуваат од членството во вториот пензиски столб во РМ, а според 15% од испитаниците тие воопшто *не се информирани и запознати* со своите права и обврски како членови во вториот пензиски столб во РМ.

Во контекст на претходното прашање, испитаниците беа прашани за нивната лична информираност во однос на правата и обврските кои произлегуваат од нивното членство

во пензиските фондови. Поточно на испитаниците им беа понудени четири права и обврски како поединечни опции за одговор, на кои секој од испитаниците требаше да даде одговор (в. табела бр.5).

| ***Табела бр.5*** **Приказ на вкупните резултати од одговорите на прашањето „Дали знаете кои се Вашите придобивки како член на вториот столб на пензискиот систем во РМ?“** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Да** | **Не** | **Не знам** | **Вкупно** |
| 1. Имам своја сметка и во секое време имам увид во состојбата | 68,9% | 26,6% | 4,5% | 100% |
| 2. Моите средства се инвестираат и добивам принос | 56,9% | 33,4% | 9,7 % | 100% |
| 3. Средствата можам да ги користам кога ќе се пензионирам | 72,4% | 23,4% | 4,3% | 100% |
| 4. Моите средства се наследни | 56,5% | 37,7% | 5,7% | 100% |

Најголем процент од испитаниците (72,4%) се запознати дека како членови на вториот пензиски столб, *средствата можат да ги користат кога ќе се пензионираат*. Повеќе од две третини од испитаниците или 68,9% запознати и информирани се дека едно од нивните права и придобивки како членови на вториот пензиски столб во РМ е тоа да *имаат своја сметка и во секое време да имаат увид во состојбата*. Речиси идентичен процент на испитаници знаат дека тие како членови на вториот пензиски столб во РМ имаат го имаат правото и придобивката *нивните средства да се инвестираат и тие како членови да добиваат принос* (56,9%) и правото и придобивката *нивните средства да се наследни* (56,5%).

Една од поединечните цели на истражувањето беше да се добие информација и увид во тоа дали членовите на вториот пензиски столб во РМ ги добиваат (соодветно и навремено) извештаите од пензиските друштва, како и информација и увид за начинот на кој истите се добиваат. За таа цел испитаниците беа прашани дали и како ги добиле овие извештаи (во зелен плик преку пошта или во електронска форма). Според резултатите добиени од одговорите на испитаниците, мнозинството испитаници или поточно 79,2% испитаници ги добиле своите извештаи од пензиските друштва. Доминантен е процентот на испитаници (72,4%) кои овие извештаи ги добиле во форма на зелен плик т.е. преку пошта; многу низок процент од испитаниците (6,8%) овие извештаи ги добиле по

електронски пат. Значително е да се напомене дека една петина или 20,8% од испитаниците одговориле дека воопшто немаат добиено вакви извештаи.

Во продолжение следеше прашање наменето само за оние испитаници кои добиле извештаи од пензиските друштва (независно од начинот на кој ги добиле), а се однесуваше на тоа до кој степен овие извештаи содржеле податоци кои биле јасни и корисни за испитаниците. Речиси една третина од испитаниците кои добиле извештаи или 32,8% (т.е. 26% од вкупниот број испитаници) се произнеле со став дека податоците содржани во извештаите биле јасни и корисни за нив, а *делумно* јасни и корисни биле за 24,7% од испитаниците (т.е. 19,5% од вкупниот број испитаници). За една петина или 20,3% од испитаниците кои добиле извештаи од пензиските друштва (т.е. 16,1% од вкупниот број испитаници) податоците и биле и не биле јасни и корисни за нив т.е. се неутрални во ставот во однос на јасноста и корисноста на податоците содржани во извештаите на пензиските друштва.

Од друга страна пак, испитаниците кои се произнеле со одговор дека не добиле извештај од пензиските друштва (20,8% од испитаниците), беа прашани за нивно лично мислење и лоцирање на причините поради кои се случило тоа. Најголем дел од нив (76% т.е. 15,9% од вкупниот број испиатници) не знаат зошто не добиле извештаи од пензиските друштва во кои се членови. За 15,3% од овие испитаници (т.е. 3,2% од вкупниот број испитаници) причината поради која не ги добиле извештаите од пензиските друштва е *проблем во доставата*, а за 8,3% (т.е. 1,7% од вкупниот број испитаници) причината поради која не ги добиле своите извештаи е *неажурираноста на контакт-податоци.*

### 2.3.2. *Индикативни наоди* за информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на членовите во задолжителните пензиски фондови за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови

Во однос на информираноста, запознаеноста, мислењето и тавот на членовите за улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови, произлегоа следните индикативни наоди:

- ✓ Кај членовите на пензиските друштва постои добра лична информираност и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови во РМ.

- ✓ Според мислењето и ставот на една третина од членовите (33,9%), работата на пензиските друштва и пензиските фондови е *добра*.
- ✓ Една четвртина од членството на пензиските фондови (26%) нема изградено јасен став и мислење за работењето на пензиските друштва и пензиските фондови.
- ✓ Доминантно членовите на двата задолжителни пензиски фонда (74,4%) договорот за нивното членство го склучуваат лично со агент на пензиското друштво во кое членуваат.
- ✓ Според мислењето и ставот на солиден процент на членови на двата задолжителни пензиски фонда, агентите при потпишување на договорите за членство во задолжителните пензиски фонда, *делумно* (според 41,4% од членовите) т.е. *одлично* (според 40,8% од членовите) им ги објаснуваат правата и обврските.
- ✓ Кај членовите на вториот пензиски столб во РМ, не постои јасно дефиниран степен на информираност за нивните права и обврски кои произлегуваат од членството во истиот.
- ✓ Членовите на двата пензиски фонда во РМ се солидно запознати и информирани за одредени придобивки кои произлегуваат од членството во вториот столб од пензискиот систем во РМ:
  - 72,4% од членството е запознато и информирано дека како членови на вториот пензиски столб имаат придобивка нивните *средства да ги користат кога ќе се пензионираат*.
  - Повеќе од две третини од членовите (68,9%) се запознати дека едно од нивните права и придобивки како членови на вториот пензиски столб во РМ е тоа да *имаат своја сметка и во секое време да имаат увид во состојбата*.
- ✓ Мнозинството членови на вториот пензиски столб во РМ (79,2%) соодветно и навремено ги добиваат своите извештаи од пензиските друштва.
- ✓ Една петина од членовите на вториот пензиски столб во РМ (20,8%) не ги добиле своите извештаи од пензиските друштва.
- ✓ Доставувањето на извештаите од пензиските друштва до членовите на вториот пензиски столб во РМ доминантно се остварува преку пошта во форма на зелен плик.
- ✓ Најчесто лоцирана причина поради која членовите не ги добиваат своите извештаи од пензиските друштва е проблемот во доставата.

## 2.4. Информираност, запознаеност, мислење и став на членовите во вториот пензиски столб за улогата и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС

### 2.4.1. *Анализа* на резултатите за информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на членовите во вториот пензиски столб за улогата и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС

Една од главните цели на истражувањето беше да се добие увид во степенот на информираност и запознаеност на членовите на вториот пензиски столб со МАПАС, како и увид во мислењето и ставот на членовите за улогата и работењето на Агенцијата за капитално финансираното пемзиско осигурување – МАПАС.

Според резултатите добиени од одговорите на прашањето „*Дали сте слушнале за Агенцијата за капитално финансираното пемзиско осигурување – МАПАС?*" значително мнозинство или 88,4% од испитаниците се произнеле со негативен одговор т.е. одговориле дека *не слушнале* за МАПАС. За МАПАС слушнале само 11,6% од вкупниот број испитаници во истражувањето; од нив, нешто повеќе од половината (56,3% или 6,5% од вкупниот број на испитаници) се информирани дека МАПАС се грижи и ги штити нивните права и интереси како членови (осигуреници). Сличен е и процентот на испитаници кои се информирани и запознати со постоењето и работењето на МАПАС (52,3% т.е. 6,1% од вкупниот број испитаници) и кои знаат дека можат да се обратат во МАПАС како членови (осигуреници) во вториот пензиски столб во РМ.

Значително мнозинство од испитаниците кои се запознати и информирани за улогата и работењето на МАПАС (87,5% или 10,2% од вкупниот број испитаници) не можеа да се присетат на некоја реклама поврзана со МАПАС која била емитувана неодамна. Половината од многу малиот процент на испитаници кои можеа да се присетат на некоја реклама поврзана со МАПАС (т.е. 0,7% од вкупниот број испитаници), истата ја сретнале/виделе на телевизија.

### 2.4.2. *Индикативни наоди* за информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на членовите во вториот пензиски столб за улогата и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС

Во контекст на информираноста, запознаеноста, мислењето и ставот на членовите во вториот пензиски столб за МАПАС во рамки на пензискиот систем на РМ, ги издвојуваме следните индикативни наоди:

- ✓ Доминантно голем дел од осигурениците (членовите) (88,4%) воопшто не е информиран и запознат со улогата и работата на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување - МАПАС.
- ✓ Постои делумна информираност кај мал дел од членството (11,6%) со улогата и работата на МАПАС т.е.:
  - Според половината од информираното членство МАПАС се грижи и ги штити нивните права и интереси како членови (осигуреници);
  - Исто така, половината од информираното членство запознато е со тоа дека како членови (осигуреници) можаат да се обратат во МАПАС.
- ✓ Рекламата за МАПАС презентирана на медиумите: телевизија, радио, весници, интернет, билборд е сретната/видена од мал процент (12,5%) на членови на пензиските друштва.

## ПРИЛОЗИ

### ПРАШАЛНИК ЗА АНКЕТА (МАПАС)

**1. Дали сте член на некој од задолжителните пензиски фондови?**

| 1 | 2 |
|---|---|
| Да | Не / Не знам |

**2. Во кој пензиски фонд сте член? (со можност да се потсети членот дека пензиски фондови се НЛБз и КБПз)**

1. НЛБз
2. КБПз
3. Не знам

**3. Како би ја оцениле (од 1 до 5) Вашата лична информираност и запознаеност со вториот пензиски столб во РМ?**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Воопшто не сум информиран/ а и запознат/а | Делумно сум информиран/ а и запознат/а | така - така | Добро сум информиран/ а и запознат/а | Одлично сум информиран/ а и запознат/а | Нема одговор |

**4. На кој начин Вие лично, се информирате за вториот пензискиот столб?**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Преку интернет | Телефонски се јавувам во МАПАС и пензиските друштва | Преку агент на пензиско друштво | Преку филијала на Тутунска банка и Комерцијална банка | На друг начин (наведете кој) |

**5. Како би ја оцениле (од 1 до 5) Вашата лична информираност и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови?**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Воопшто не сум информиран/ а и | Делумно сум информиран/ а и запознат/а | така - така | Добро сум информиран/ а и запознат/а | Одлично сум информиран/ а и запознат/а | Нема одговор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| запознат/а | | | | | |

6. **Како лично Вие би ја оцениле (од 1 до 5) работата на пензиските друштва и пензиските фондови во РМ?**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Незадоволит елна | Задоволителн а | Добра | Многу добра | Одлична | Нема одговор |

7. **Дали договорот за членство во задолжителен пензиски фонд го склучивте лично со агент на пензиското друштво?**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Да | Не | Не знам |

8. **Дали агентот ви ги објасни правата и обврските кои произлегуваат со потпишувањето на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд? (Оцени од 1 до 3)**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Не објаснил | Делумно објаснил | Одлично објаснил |

9. **Дали вие како член на втор столб сметате дека доволно ги познавате вашите права и обврски?**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Делумно да | така - така | Делумно не | Не | Нема одговор |

10. **Дали знаете кои се Вашите придобивки како член во вториот столб на пензискиот систем?**

| | **да** | **не** | **не знам** |
|---|---|---|---|
| 1. Имам своја сметка и во секое време имам увид во состојбата | 1 | 2 | 3 |
| 2. Моите средства се инвестираат и добивам принос | 1 | 2 | 3 |
| 3. Средствата можам да ги | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| користам кога ќе се пензионирам | 1 | 2 | 3 |
| 4. Моите средства се наследни | 1 | 2 | 3 |

**11. Дали ги добивте извештаите (во зелен плик или во електронска форма)?**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Да, во зелен плик | Да, во електронска форма | Не (ПРЕМИНИ НА П9) |

**12. Дали Ви беа јасни и корисни податоците од овие извештаи?**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Делумно да | така - така | Делумно не | Не | Не ги прочитав |

**13. Која е причината што не сте добиле извештаите во зелен плик или електронска форма?**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Проблем со достава | Неажурирани контакт податоци | Друго ____________ | Не знам |

**14. Дали сте слушнале за Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС?**

| 1 | 2 |
|---|---|
| Да (ПРОДОЛЖИ СО П14) | Не (ПРЕМИНИ НА ДЕМОГРАФИЈА) |

**15. Според Вас:**

| | **да** | **не** | **не знам** |
|---|---|---|---|
| 1. Дали МАПАС се грижи и ги штити вашите права и интереси како членови (осигуреници) | 1 | 2 | 3 |
| 2. Дали можете да се обратите во МАПАС како членови (осигуреници) | 1 | 2 | 3 |

**16. Дали можете да се сетите на некоја реклама поврзана со МАПАС која била емитувана неодамна?**

| 1 | 2 |
|---|---|
| Да (наведи која) | Не |

**17. На кој медиум сте ја сретнале/виделе?**

1. ТВ
2. Радио
3. Весници
4. Интернет
5. Социјални мрежи (ФБ и сл.)
6. Билборд
7. Не знам/НО

## ДЕМОГРАФИЈА

**Д1. Пол**

1. Машки
2. Женски

**Д2. Возраст**

1. 18 – 27 години
2. 28 – 40 години
3. 41 – 50 години
4. 51 – 62(жени)/64(мажи)

**Д3. Член на пензиски фонд**

1. НЛБз
2. КБПз

**Д4. Регион**

1. Повардарие
2. Брегалнички
3. Охридски
4. Струмички
5. Пелагониски
6. Полошки
7. Кумановски
8. Скопски